Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА
ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2025 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 01-455/1 | | Горан Минчев<br>[име и презиме] |
| Датум: | 30.01.2026 | | Министер за јавна администрација<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | [потпис] |

Содржина

I. Резиме ..... 3

II. Управување со ризици ..... 6

III .1.Правен статус на институцијата ..... 10

III.2.Раководство ..... 10

III.3.Надлежности ..... 11

III.4.Организациска структура ..... 12

III .5.Состојба со човечките ресурси ..... 14

Табела 1. Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор, по вид, возраст и звање ..... 15

Табела 2. Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори ..... 15

IV.Инспекциски надзор ..... 16

Редовни инспекциски надзори ..... 17

Вонредни инспекциски надзори ..... 17

Контролни инспекциски надзори ..... 18

Табела 3.1 Преглед на вкупниот број на **планирани** неправилности и инспекциски надзори според вид во 2025 година, по региони и општини ..... 20

Табела 3.2 Преглед на вкупниот број на **откриени** неправилности и **спроведени** инспекциски надзори според вид во 2025 година, по региони и општини ..... 24

V.Обука на инспекторите и административните службеници ..... 33

VI.Буџет и финансирање ..... 36

VII.Меѓународна соработка ..... 38

VIII.Други активности на инспекциската служба ..... 38

IX.Заклучоци и препораки ..... 42

## I.Резиме

Врз основа на член 28 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/25 и 269/25) министерот за јавна администрација донесе Годишен извештај за работата на Државниот управен инспекторат за 2025 година.

Овој извештаен документ содржи податоци и информации за инспекциските надзори и реализираните многубројни активности во периодот од 01.01-31.12.2025 година, а во насока на остварување на примарната надлежност утврдена со Законот за управната инспекција-вршење на инспекциски надзори во поглед на примената на Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и другите закони што содржат одредби за управната постапка, спроведувањето на одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, согласно со закон.

Годишниот Извештај ги содржи следните поглавја:

**Управување со ризици**

Со Годишниот план за работа за 2025 година, а по претходно направена проценка на ризик спроведена според донесената Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори на Државниот управен инспекторат, утврдени се субјектите на надзор со висок, среден и низок степен на ризик, по области, во кои се извршија редовните инспекциски надзори.

Во најголемиот број на планирани субјекти со висок и среден степен на ризик од страна на управните инспектори утврдени се недостатоци и неправилности во работењето и за отстранување на истите донесени се решенија со рокови за постапување и отстранување на неправилностите.

**Организација и раководење**

Во овој извештај прикажан е правниот статус на Државниот управен инспекторат, раководството, организационата структура и состојбата со човечките ресурси (број на вработени, број на инспектори кои извршиле инспекциски надзори, по вид, возраст и звање, преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори).

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција објавен во Службен весник број 272 од 27.12.2024 година работите на управната

инспекција ги врши Државниот управен инспекторат како орган во состав на Министерството за јавна администрација без својство на правно лице.

Согласно со актот за внатрешна организација работите од надлежност на управната инспекција се извршуваа преку следните организациони единици и тоа: Сектор за вршење инспекциски надзор – Исток во чиј состав се: Одделение за инспекциски надзор за североисточен регион и Одделение за инспекциски надзор за југоисточен регион и Сектор за вршење инспекциски надзор – Запад во чиј состав се: Одделение за инспекциски надзор за северозападен регион и Одделение за инспекциски надзор за југозападен регион; Сектор за општи работи и административно – техничка поддршка на Инспекторатот во чиј состав се: Одделение за човечки ресурси, административно техничка поддршка и Одделение за финансии и финансиски прашања.

На почетокот на извештајниот период работите од надлежност на Државниот управен инспекторат ги извршуваат вкупно 42 административни службеници, од кои 34 инспектори и 8 административни службеници, но во текот на извештајниот период на 3 инспектори и тоа 2 советници инспектори и 1 самостоен инспектор им престана работниот однос, поради исполнување на условите за стекнување на правото на старосна пензија, што значи дека до крајот од извештајниот период работите од надлежност на Инспекторатот ги извршуваа 31 инспектор.Во овој извештаен период отпочната постапка за пополнувае на работни места за 3 административни службеници преку спроведување на постапка за вработување со објавување на јавен оглас.

### Инспекциски надзор

Во овој дел од извештајот содржани се податоци за извршените редовни, вонредени и контролни инспекциски надзори, субјектите во кои се вршени инспекциските надзори, како и податоци за преземените инспекциски мерки и дејствија од страна на управните инспектори постапувајќи согласно со надлежностите и овластувањата утврдени во Законот за управната инспекција (Табела 3.2. Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во 2025 година, по региони и општини).

Имено во 2025 година извршени се вкупно 2412 инспекциски надзори и тоа: 410 редовни инспекциски надзори, 1504 вонредни инспекциски надзори и 498 контролни инспекциски надзори. При надзорите утврдени се 590 неправилности.

## Обука на инспекторите и административните службеници

Делот за обуките и инспекторите содржи информации за сите реализираните обуки, работилници и конференции на кои учествуваа инспекторите и административните службеници, начинот на нивната реализација, организаторот и темите на обуките.

Преку платформата за електронско учење (LMS), релизирани се генерички обуки согласно со донесениот Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука за инспекторите во Државниот управен инспекторат за 2025 година, а донесен врз основа на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година на Инспекцискиот совет и тоа: Тема 1.5 – Канцелариско работење и архивско работење, Тема 1.12 – Надлежност за водење и решавање во инспекциски постапки и Тема 1.16 – Пријавување на кривично дело против субјект на инспекцикси надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка.

Согласно со Годишната програма за специјализирани обуки за 2025 година во овој период реализирани се специјализирани обуки и тоа: Тема 1.1 – Закон за инспекциски надзор, Тема 1.2 – Закон за општата управна постапка и Тема 1.3. Закон за архивски материјал.

Во изминатата година вработените во инспекторатот, а во насока на јакнење на кадровските капацитети следеа обуки на повеќе теми и области кои се опфатени во соодветниот дел од овој извештај.

## Буџет и финансирање

Реализацијата на Буџетот и финанансирањето на инспекторатот за 2025 година е прикажана табеларно со предвидените буџетски ставки по разни основи.

## Меѓународна соработка

Во делот за меѓународна соработка треба да се истакне дека во извештајниот период беше остварена меѓународната соработка како и размена на искуства и најдобри практики на меѓународно ниво, односно вработени од Државниот управен инспекторат учествуваа на Регионални работилници во организација на РеСПА.

## Други активности на инспекциската служба

Исто така, овој во извештај се прикажани реализираните активности поврзани со работењето и надлежноста на инспекциската служба како и извршувањето на обврските утврдени со закон за изработка и донесување на плански, програмски,

стратешки и извештајни документи, истите објавени на веб страната на инспекторатот.
Во овој дел се прикажани и информации кое се однесуваат на реализираните активности во врска со Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, имплементацијата на системот за интегритет, уништувањето на документарниот материјал чиј рок за чување изминал, меѓуинституционалната соработка и др.

## Заклучоци и препораки

Врз основа на изнесените податоци и информации во овој извештаен документ следува заклучок дека надзорите планирани со Годишниот план за работа на Државниот управен инспекторат за 2025 година, се целосни реализирани , а воедно преземени се и голем број на други активности во насока на институционално и кадрово јакнење на инспекторатот.

Овој орган и во наредниот период што следи ќе продолжи да се стреми за остварување на главните приоритетни и развојни цели утврдени со Стратешкиот план 2026-2028 преку почитување на законите, заштита на јавниот интерес, сервисна ориентираност на граѓаните, отчетност, транспаретност и отвореност за соработка, а воедно задолжителното почитување на законските прописи од областа на борбата против корупцијата како и утврдените морални принципи и етички вредности ќе преставуваат приоритена цел и патоказ кон кој треба да се движи овој орган.

Преку спроведување на инспекциски надзор, давање стручни насоки и укажувања, како и преку континуирана соработка со институциите на државно и локално ниво, Инспекторатот ќе дава значаен придонес во унапредувањето на јавната администрација односно создавање на пофункционална и сервисно ориентирана јавна администрација, насочена кон заштита на правата на граѓаните и подобрување на квалитетот на јавните услуги.

.

Со донесување на Годишниот план за работа на Државниот управен инспекторат за 2025 година и направената проценка на ризик спроведена според донесената Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори на Државниот управен инспекторат, утврдени се субјектите за вршење на инспекциски надзори со висок, среден и низок степен на ризик, по области, во кои Државниот управен инспекторат во 2025 година врши инспекциски надзори, односно идентификувани се субјектите кои не ги применуваат или нецелосно ги применуваат одредбите од законите и подзаконските акти над чија примена инспекциски надзор врши овој орган.

Во 2025 година извршени се редовни инспекциски надзори, планирани согласно со Годишниот план за работа и тоа во:

***Област – Управна постапка***

Инспекцискиот надзор се врши во поглед на примена на одредбите од Законот за општата управна постапка и материјалните закони што содржат одредби за управна постапка во министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи.

Во 2025 година извршени се редовни инспекциски надзори во следните субјекти во управното работење по степен на ризик:

**Субјекти со висок степен на ризик:**

- Единици на локалната самоуправа-Сектор за урбанизам –постапување по барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти
- Министерство за финансии-Комисии за одлучување по барања за денационализација
- Јавни установи Меѓуопштински центри за социјална работа

Субјекти со среден степен на ризик:

- Министерството за транспорт – Комисии за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти
- Министерство за транспорт

- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците
- Јавни претпријатија основани од ЕЛС

Субјекти со низок степен на ризик :

- Средни училишта
- Јавни здравствени установи-Универзитетски клиники
- Јавни здравствени установи-болници

*Област -Човечки ресурси*

Инспекцискиот надзор се врши во поглед на примената на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници. како и подзаконските акти донесени врз основа на Законот и тоа во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон, институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Во 2025 година извршени се редовни инспекциски надзори во следните субјекти во човечките ресурси по степен на ризик:

**Субјекти со висок степен на ризик:**

- Јавни претпријатија основани од ЕЛС

**Субјекти со среден степен на ризик:**

- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците
- Единици на локална самоуправа – Сектор/одделение за човечки ресурси во однос на кадровската екипираност и поставеност на инспекциските служби организирани како организациони единици во рамките на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје
- Средни училишта
- Јавни установи Меѓуопштински центри за социјални работи
- Јавни здравствени установи -Универзитетски клиники
- Јавни здравствени установи-болници

**Субјекти со  низок степен на ризик:**

- Министерство за транспорт
- Дирекција за технолошки индустриски развијни зони

*Област – Канцелариско работење*

Инспекцискиот надзор се врши во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје кои извршувајќи ги работите од својата надлежност ги применуваат прописите за канцелариско работење согласно со Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење.

Во 2025 година извршени се редовни инспекциски надзори во следните субјекти во канцеларискотo работење по степен на ризик:

**Субјекти со висок степен на ризик:**

- ЕЛС-Сектор за урбанизам –постапување по барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти

**Субјекти со среден степен на ризик:**

- Министерството за транспорт - Комисии за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти
- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците
- Министерство за транспорт
- Јавни претпријатија основани од ЕЛС
- Министерство за финансии -Комисии за одлучување по барањата за денационализација
- Јавни установи -Меѓуопштински центри за социјални работи
- Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
- Јавни здравствени установи-болници
- Јавни здравствени установи-универзитетски клиники

**Субјекти со низок степен на ризик кај кои ќе се врши редовен инспекциски надзор се:**

- Средни училишта

Врз основа на извршените редовни инспекциски надзори во погоренаведените субјекти, преземените инспекциски дејствија и донесените инспекциски акти,

притоа имајќи го во предвид и извршеното планирање за 2025 година со Годишниот план за работа на Државниот управен инспекторат за 2025 година во кој се утврдени субјектите за вршење на инспекциски надзори со висок, среден и низок степен на ризик, по области може да се дојде до заклучок дека правилно е извршено планирањето и утврдувањето на субјектите предмет на надзор.Во најголемиот број на планирани субјекти со висок и среден степен на ризик од страна на управните инспектори утврдени се недостатоци и неправилности во работењето и за отстранување на истите донесени се решенија со рокови за постапување и отстранување на неправилностите.

## III.Организација и раководење

### III .1.Правен статус на институцијата

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа објавен во Службен весник на РСМ бр.121 од 10.06.2024 година и Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција објавен во Службен весник на РСМ број 208 од 09.10.2024 година Државниот управен инспекторат е орган во состав на Министерството за јавна администрација.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција објавен во Службен весник на РСМ број 272 од 27.12.2024 година работите на управната инспекција ги врши Државниот управен инспекторат како орган во состав на Министерството за јавна администрација без својство на правно лице.

### III.2.Раководство

Со работите на Инспекторатот, раководи директор, кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија. Директорот функцијата ја извршува професионално, со мандат од четири години и со право на уште еден избор. Директорот за својата работа одговара пред Владата.
Директорот во негово отсуство или кога поради болест и други причини, не е во можност да ја извршува функцијата, го заменува еден раководен инспектор, овластен од директорот.

## III.3.Надлежности

Надлежностите на Државниот управен инспекторат се утврдени во Законот за управната инспекција според кој управната инспекција врши надзор над примената над одредбите од следните закони:

- Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015) и другите закони што содржат одредби за управната постапка,
- Законот за административни службеници(„Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20 , 215/21, 99/22, 208/24) и прописите донесени врз основа на Законот,
- Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и прописите донесени врз основа на Законот
- Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија,, бр.102/2019 и 272/2024), како и прописите донесени врз основа на Законот,
- Одредбите од Уредбата за канцелариско и архивско работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 1/2014 и 252/2024) и Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцеларискoто и архивското работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2014) кои се однесуваат на канцелариското работење;

Во овој извештаен период донесени се нови прописи над чии одредби инспекциски надзор врши овој орган и тоа:

- Закон за вработените во јавниот сектор објавен во Службен весник на РСМ број 144 од 17.07.2025 година и Законот за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор објавен во Службен весник на РСМ бр.252 од 16.12.2025 година;
- Закон за административни службеници објавен во Службен весник на РСМ број 144 од 17.07.2025 година , Законот за изменување и дополнување на Законот за административните службеници објавен во Службен весник на РСМ бр.252 од 16.12.2025 година; Законот за изменување и дополнување на Законот за административните службеници објавен во Службен весник на РСМ бр.266 од 29.12.2025 година;

- Закон за инспекциски надзор објавен во Службен весник на РСМ број 135 од 04.07.2025 година и Закон за изменување на Законот за инспекциски надзор објавен во Службен весник на РСМ број 269 од 31.12.2025 година

## III.4.Организациска структура

Врз основа на законските прописи со кои се промени статусот на овој орган односно инспекторатот го изгуби правниот субјективитет и истиот е орган во состав на Министерството за јавна администрација без својство на правно лице јасно произлезе потребата од измена на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места согласно со кои во овој орган формирани се следните организациони единици и тоа:

- ***Сектор за вршење инспекциски надзор–Исток во чиј состав се:***
  - Одделение за инспекциски надзор за североисточен регион;
  - Одделение за инспекциски надзор за југоисточен регион
- ***Сектор за вршење инспекциски надзор–Запад во чиј состав се:***
  - Одделение за инспекциски надзор за северозападен регион;
  - Одделение за инспекциски надзор за југозападен регион;
- ***Сектор за општи работи и административно техничка поддршка на Инспекторатот, во чиј состав се :***
  - Одделение за човечки ресурси и административно-техничка поддршка,
  - Одделение за финансии и финансиски прашања


ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
Сектор за вршење инспекциски надзор ИСТОК
Одделение за инспекциски надзор за североисточен регион
Одделение за инспекциски надзор за југоисточен регион
Сектор за вршење инспекциски надзор ЗАПАД
Одделение за инспекциски надзор за северозападен регион
Одделение за инспекциски надзор за југозападен регион
Сектор за општи работи и административно – техничка поддршка на Инспекторатот
Одделение за човечки ресурси, административна и информатичка поддршка
Одделение за финансии и финансиски прашања

### III .5.Состојба со човечките ресурси

Согласно со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за јавна администрација во Државниот управен инспекторат како орган во состав на Министерството за јавна администрација систематизирани се вкупно 76 работни места, од кои заклучно со 31.12.2025 година пополнети се вкупно 39 работни места за административни службеници од кои 31 инспектори кои ги извршуваа инспекциските надзори и преку кои се остваруваше главната и основната надлежност на Инспекторатот и тоа:

- Генерален инспектор за вршење на инспекциски надзор со звање – Генерален инспектор - 1 (еден) извршител
- Главен инспектор за вршење на инспекциски надзор со звање – Главен инспектор - 2 (два) извршители;
- Виш инспектор за вршење на инспекциски надзор со звање виш инспектор -1 (еден) извршител
- Советници инспектори за вршење на инспекциски надзор со звање-советник инспектор - 21 (дваесет и еден) извршител;
- Виши соработници со звање – самостоен инспектор– 3 (три) извршители;
- Помлади соработници со звање – помлад инспектор – 3 (три) извршители;
- Раководител на одделение за човечки ресурси и административна и информатичка поддршка - 1 (еден) извршител;
- Советник за информатичка поддршка – 1 (еден) извршител
- Виш соработник за човечки ресурси- 1(еден) извршител
- Помлад соработник за информатичка подршка - 1 (еден) извршител
- Помлад соработник за превод, лекторирање и редакција - 1 (еден) извршител
- Помлад референт за административно техничка поддршка - 1 (еден) извршител
- Раководител на одделение за финансии и финансиски прашања - 1 (еден) извршител
- Соработник за јавни набавки, финансиски прашања и човечки ресурси - 1 (еден) извршител

Имено, на самиот почеток на 2025 година, работите од надлежност на органот ги извршуваа вкупно 42(четириесет и два) административни службеници, од кои 34 (триесет и четири) инспектори и 8 (осум) административни службеници .

Меѓутоа во овој извештаен период во Инспекторатот има одлив на кадри и тоа на почетокот на 2025 година на 1 (еден) инспектор му престана работниот однос поради стекнување на услови за старосна пензија (наполнети 64 години живот), а до крајот

на 2025 година работниот однос по сила на закон им престана уште на 2 (двајца) инспектори и тоа 1 (еден) советник инспектор и 1 (самостоен) инспектор, што значи дека на крајот на 2025 година надлежностите на Инспекторатот беа извршувани од вкупно 31 инспектор.

Во овој извештаен период во Инспекторатот се вработени на 12 лица на определено време заклучно со 31.12.2025 година , а отпочната е постапка за пополнување на работни места преку постапка за вработување на 3 административни службеници - инспектори.

Бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието по вид, возраст и звање, се прикажани во **Табелата 1**.

**Табела 1. Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор, по вид, возраст и звање**

| Вид | Управен инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Б3 – пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 6 | 8 | 6 | 1 | 21 | 0 | 6 | 8 | 6 | 1 | 21 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 3 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 3 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Вкупно | 0 | 9 | 12 | 8 | 2 | 31 | 0 | 9 | 12 | 8 | 2 | 31 |

Од погоре наведената Табела може да се заклучи дека во овој извештаен период инспекциските надзори беа извршени од страна на 31 инспектор од кои: 9 инспектори или 29.032% се на возраст помеѓу 31-40 години, 12 инспектори односно 38,70 % се на возраст помеѓу 41-50 години, 8 инспектори односно 25,8 % се на возраст помеѓу 51-60 години, 2 инспектори односно 6,45 % се на возраст над 60 години и нема ниту еден инспектор на возраст под 30 години.




**Табела 2. Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори**

| Вид | Управен инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. Инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 2 | -2 | 0 | 2 | -2 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 1 | -1 | 0 | 1 | -1 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 3 | -3 | 0 | -3 | -3 |

## IV.Инспекциски надзор

Инспекциските надзори управните инспектори го вршат преку: редовни инспекциски надзори, вонредни инспекциски надзори и контролни инспекциски надзор.

**Редовни инспекциски надзори**

Редовниот инспекциски надзор опфаќа надзор над спроведувањето на Законот за општата управна постапка и другите закони што содржат одредби за управната постапка, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, како и над извршувањето на прописите за канцеларискотo работење.

Редовниот инспекциски надзор се врши според однапред предвидениот распоред во Годишниот план за работа на Државниот управен инспекторат за 2025 година и месечните планови за работа на секој инспектор .

Редовниот инспекциски надзор, од страна на управните инспектори се најавува со доставување на писмено известување до субјектот на инспекциски надзор за времето и обемот на инспекцискиот надзор, придружено со листата за проверка за соодветниот Закон кој е предмет на инспекцискиот надзор.

Согласно со одобрениот Годишен план за работа на Државниот за 2025 година и донесените 12 месечни планови за работа на секој инспектор во Државниот управен инспекторат, планирани и извршени се 410 редовни инспекциски надзори и тоа во:

- Министерство за финансии – Комисии за одлучување по барањата за денационализација;
- Министерство за транспорт;
- Единици на локална самоуправа – Сектор за урбанизам – постапувања по барањата за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти;
- Единици на локална самоуправа – Сектор / Одделение за човечки ресурси во однос на кадровската екипираност и поставеност на инспекциските служби;
- Министерство за транспорт – Комисии за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти;
- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците;
- Јавни установи Центри за социјална заштита;
- Дирекција за технолошки и индустриски развојни зони;
- Јавни претпријатија основани од ЕЛС;
- Средни училишта;
- Јавни здравствени установи Универзитетски клиники;
- Јавни здравствени установи – болници;

**Вонредни инспекциски надзори**

Вонредните инспекциски надзори се вршени врз основа на иницијативи поднесени од правни или физички лица, органи на државната или локалната власт, налози издадени од страна на Инспекцискиот совет, писмена наредба на директорот или

министерот, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување на корупцијата и Основното јавно обвинителство.

Вонредниот инспекциски надзор по правило е ненајавен инспекциски надзор и истиот се спроведува веднаш, а најдоцна во рок од десет работни дена од приемот на иницијативата или налогот/ писмената наредба во писарницата на инспекциската служба или на службената електронска адреса на инспекциската служба.

Вонредните инспекциски надзорот се извршени во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Во 2025 година од страна на управните инспектори е постапувано по 1504 иницијативи за вршење на вонредни инспекциски надзори.

**Контролни инспекциски надзори**

Контролниот инспекциски надзор е инспекциски надзор кој се врши по службена должност со цел инспекторот да утврди дали субјектот на инспекцискиот надзор, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, при претходно извршен редовен или вонреден инспекциски надзор: постапил по инспекцискиот акт во целост; делумно постапил по инспекцискиот акт и не постапил по инспекцискиот акт.

Контролните инспекциски надзори се извршија во субјектите кај кои беше вршен редовен инспекциски надзор во 2025 година со цел да се утврди дали субјектот на инспекцискиот надзор постапил по донесеното решение за отстранување на утврдените недостатоци и неправилности.

Исто така, контролни инспекциски надзори се вршени и по однос на извршувањето на решенијата за отстранување на утврдени недостатоци од извршените вонредни инспекциски надзори.

Во извештајниот период постапувано е по **2412 предмети**, од кои по **2289 предмети извршени се редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори**, а 123 иницијативи за вршење на вонредни инспекциски надзори се препратени на надлежност на друга инспекциска служба согласно со член 72 став 4 од Законот за

инспекциски надзор или друг надлежен државен орган и за истото се известени подносителите на иницијативите.

Од вкупно извршени **2289 инспекциски надзори, 410 се редовни инспекциски надзори, 1481 се вонредни инспекциски надзори и 498 се контролни инспекциски надзори.** При надзорите утврдени се 590 неправилности.

За извршените инспекциски надзори и преземените инспекциски дејствија составени се 2276 записници со наод за утврдена фактичка состојба и донесени се 498 решенија за отстранување на утврдените недостатоци, при што со 137 решенија изречени се задолженија/наредби со утврдени рокови за отстранување на утврдениот недостостаток, а со 361 решенија изречена е мерка опомена и определен е рок за отстранување на утврдениот недостаток.

При постапување од страна на инспекторите донесени се 8 решенија за запирање на инспекциската постапка и 13 решенија за отфрлање.

Против инспекциски акти на управни инспектори во овој извештаен период поднесени се 17 жалби до надлежниот второстепениот орган –Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Постапувајќи по изјавените жалби, од страна на второстепениот орган 3 (три) жалби се уважени, решенијата на управните инспектори се поништени и предметите се вратени на повторна постапка на првостепениот орган, по однос на 7 (седум) жалби постапките пред второстепениот орган се во тек и сеуште не е донесена одлука, 5 (пет) жалби се одбиена како неосновани, 1 (една) жалба е отфрлена како недопуштена и по 1 (една) жалба постапката е запрена.

Во овој период поради утврден прекршок предвиден и казнив согласно со Закон, од страна на управните инспектори издадени се 19 прекршочни платни налози со цел спроведување на постапка за порамнување. Во однос на издадените налози сите 19 сторители на прекршокот платиле половина од изречената глоба во утврдениот законски рок, поради што од страна на инспекторите нема поднесени барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.
Согласно своите надлежности управните инспектори поднеле 7 иницијативи за покренување на дисциплинска постапка, по 2 иницијативи поведена е дисциплнска постапка, 4 иницијативи се отфрлени а по 1 иницијатива постапката е запрена поради прекин на работен однос на вработениот против кој е покрената постапката.
Во овој период, согласно со овластувањата утврдени со Законот за управната инспекција, поднесена е 1 една кривична пријава за сторено кривично дело до надлежен орган.

Согласно со Годишната програма за работа на Државниот управен инспекторат за 2025 година и донесените месечни планови за работа на секој инспектор во Државниот управен инспекторат изготвен е преглед на планирани и преглед на реализирани инспекциски надзори (Табела3.1и Табела 3.2).

Табела 3.1 Преглед на вкупниот број на **планирани** неправилности и инспекциски надзори според вид во 2025 година, по региони и општини

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. Надзор | Контрол. Надзор | | |
| | Вардарски регион | **36** | **53** | **17** | **106** | **31** |
| 1 | Велес | 8 | 16 | 4 | **28** | **8** |
| 2 | Градско | 1 | | | **1** | |
| 3 | Демир Капија | 2 | 1 | 1 | **4** | **2** |
| 4 | Кавадарци | 8 | 13 | 5 | **26** | **7** |
| 5 | Лозово | 2 | 1 | 1 | **4** | **2** |
| 6 | Неготино | 6 | 5 | 3 | **14** | **5** |
| 7 | Росоман | 1 | 4 | | **5** | **1** |
| 8 | Свети Николе | 6 | 10 | 2 | **18** | **5** |
| 9 | Чашка | 2 | 3 | 1 | **6** | **1** |
| | Источен регион | **35** | **69** | **16** | **120** | **27** |
| 10 | Берово | 2 | 3 | 1 | **6** | **1** |
| 11 | Виница | 4 | 10 | 1 | **15** | **6** |
| 12 | Делчево | 6 | 12 | 3 | **21** | **3** |
| 13 | Зрновци | 1 | | | **1** | |
| 14 | Карбинци | 1 | 1 | | **2** | **1** |
| 15 | Кочани | 2 | 18 | 1 | **21** | **2** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. Надзор | Контрол. Надзор | | |
| 16 | Македонска Каменица | 1 | | | **1** | |
| 17 | Пехчево | 1 | 3 | | **4** | |
| 18 | Пробиштип | 6 | 5 | 2 | **13** | **5** |
| 19 | Чешиново | 1 | | | **1** | |
| 20 | Штип | 10 | 17 | 8 | **35** | **9** |
| | Југозападен регион | **52** | **101** | **35** | **188** | **40** |
| 21 | Вевчани | 2 | 2 | 1 | **5** | **2** |
| 22 | Дебар | 4 | 3 | 3 | **10** | **4** |
| 23 | Дебарца | 2 | | 1 | **3** | **1** |
| 24 | Кичево | 13 | 20 | 11 | **44** | **6** |
| 25 | Македонски Брод | 6 | 5 | 4 | **15** | **5** |
| 26 | Охрид | 14 | 41 | 9 | **64** | **14** |
| 27 | Пласница | 2 | | 1 | **3** | **1** |
| 28 | Струга | 8 | 30 | 5 | **43** | **7** |
| 29 | Центар Жупа | 1 | | | **1** | |
| | Југоисточен регион | **36** | **57** | **15** | **108** | **29** |
| 30 | Богданци | 2 | 4 | 1 | **7** | **2** |
| 31 | Босилово | 1 | 2 | | **3** | **1** |
| 32 | Валандово | 6 | 3 | 2 | **11** | **6** |
| 33 | Василево | 1 | 2 | | **3** | |
| 34 | Гевгелија | 8 | 11 | 4 | **23** | **6** |
| 35 | Дојран | 2 | 4 | 1 | **7** | |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. Надзор | Контрол. Надзор | | |
| 36 | Конче | 1 | 3 | | **4** | |
| 37 | Ново Село | 1 | 1 | | **2** | |
| 38 | Радовиш | 6 | 10 | 4 | **20** | **5** |
| 39 | Струмица | 8 | 17 | 3 | **28** | **9** |
| | Пелагониски регион | **40** | **77** | **20** | **137** | **33** |
| 40 | Битола | 14 | 30 | 7 | **51** | **14** |
| 41 | Демир Хисар | 4 | 8 | 3 | **15** | **4** |
| 42 | Долнени | 2 | | 1 | **3** | **2** |
| 43 | Кривогаштани | 1 | 2 | | **3** | |
| 44 | Крушево | 4 | 7 | 3 | **14** | **3** |
| 45 | Могила | 1 | 1 | | **2** | **1** |
| 46 | Новаци | 2 | 1 | 1 | **4** | **1** |
| 47 | Прилеп | 8 | 24 | 4 | **36** | **6** |
| 48 | Ресен | 4 | 4 | 1 | **9** | **2** |
| | Полошки регион | **34** | **102** | **25** | **161** | **35** |
| 49 | Боговиње | 1 | | | **1** | **1** |
| 50 | Бревеница | 2 | 3 | | **5** | **3** |
| 51 | Врапчиште | 2 | 4 | 3 | **9** | **2** |
| 52 | Гостивар | 10 | 35 | 8 | **53** | **11** |
| 53 | Желино | 1 | | | **1** | **1** |
| 54 | Јегуновце | 2 | 6 | 1 | **9** | **1** |
| 55 | Маврово и Ростуша | 2 | 9 | 2 | **13** | **2** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. Надзор | Контрол. Надзор | | |
| 56 | Теарце | 2 | 2 | 1 | **5** | **1** |
| 57 | Тетово | 12 | 43 | 10 | **65** | **13** |
| | Североисточен регион | **14** | **51** | **5** | **70** | **13** |
| 58 | Кратово | 1 | 2 | | **3** | **1** |
| 59 | Крива Паланка | 1 | 8 | | **9** | **1** |
| 60 | Куманово | 8 | 31 | 4 | **43** | **8** |
| 61 | Липково | 2 | 3 | 1 | **6** | **1** |
| 62 | Ранковце | 1 | 6 | | **7** | **1** |
| 63 | Старо Нагоричане | 1 | 1 | | **2** | **1** |
| | Скопски регион | **163** | **859** | **123** | **1145** | **173** |
| 64 | Аеродром | 3 | 74 | 1 | **78** | **5** |
| 65 | Арачиново | 2 | 3 | 1 | **6** | **1** |
| 66 | Бутел | 5 | 16 | 3 | **24** | **4** |
| 67 | Гази Баба | 9 | 56 | 5 | **70** | **9** |
| 68 | Ѓорче Петров | 2 | 19 | 1 | **22** | **1** |
| 69 | Зелениково | 2 | 2 | 1 | **5** | **1** |
| 70 | Илинден | 2 | 17 | 1 | **20** | **1** |
| 71 | Карпош | 11 | 62 | 10 | **83** | **12** |
| 72 | Кисела Вода | 3 | 59 | 3 | **65** | **3** |
| 73 | Петровец | 2 | 8 | 1 | **11** | **2** |
| 74 | Сарај | 2 | 8 | 1 | **11** | **1** |
| 75 | Сопиште | 2 | 10 | 1 | **13** | **1** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. Надзор | Контрол. Надзор | | |
| 76 | Студеничани | 1 | | | **1** | |
| 77 | Центар | 111 | 498 | 90 | **699** | **128** |
| 78 | Чаир | 3 | 18 | 3 | **24** | **2** |
| 79 | Чучер-Сандево | 1 | 3 | | **4** | **1** |
| 80 | Шуто Оризари | 2 | 6 | 1 | **9** | **1** |
| ВКУПНО | | **410** | **1369** | **256** | **2035** | **381** |

Согласно со Годишниот план за работа за 2025 година и 12 месечни планови за работа за секој инспектор планирано е да се извршат **410** редовни инспекциски надзори, **1369** вонредни инспекциски надзори, **256** контролни надзори односно вкупно **2035** надзори и да се утврдат **381** неправилности во субјектите во кои ќе се изврши инспекцискиот надзор (бројот на вонредните надзори и утврдените неправилности се утврдува статистички).

Табела 3.2 Преглед на вкупниот број на **откриени** неправилности и **спроведени** инспекциски надзори според вид во 2025 година, по региони и општини

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. Надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **36** | **60** | **29** | **125** | **35** |
| 1 | Велес | 8 | 12 | 6 | **26** | **8** |
| 2 | Градско | 1 | | | **1** | |
| 3 | Демир Капија | 2 | | 1 | **3** | **1** |
| 4 | Кавадарци | 8 | 10 | 11 | **29** | **13** |
| 5 | Лозово | 2 | | 1 | **3** | **1** |
| 6 | Неготино | 6 | 6 | 5 | **17** | **6** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. Надзор | | |
| 7 | Росоман | 1 | 2 | | **3** | |
| 8 | Свети Николе | 6 | 30 | 4 | **40** | **5** |
| 9 | Чашка | 2 | | 1 | **3** | **1** |
| | **Источен регион** | **36** | **67** | **30** | **133** | **35** |
| 10 | Берово | 2 | 1 | 1 | **4** | **1** |
| 11 | Виница | 4 | 3 | 2 | **9** | **2** |
| 12 | Делчево | 6 | 10 | 5 | **21** | **7** |
| 13 | Зрновци | 1 | | | **1** | |
| 14 | Карбинци | 1 | 1 | 1 | **3** | **1** |
| 15 | Кочани | 2 | 19 | 1 | **22** | **1** |
| 16 | Македонска Каменица | 1 | | | **1** | |
| 17 | Пехчево | 1 | 4 | | **5** | |
| 18 | Пробиштип | 7 | 1 | 4 | **12** | **5** |
| 19 | Чешиново | 1 | | | **1** | |
| 20 | Штип | 10 | 28 | 16 | **54** | **18** |
| | **Југозападен регион** | **52** | **88** | **54** | **194** | **65** |
| 21 | Вевчани | 2 | 2 | 2 | **6** | **2** |
| 22 | Дебар | 4 | 1 | 3 | **8** | **3** |
| 23 | Дебарца | 2 | | 1 | **3** | **1** |
| 24 | Кичево | 13 | 21 | 17 | **51** | **20** |
| 25 | Македонски Брод | 6 | 5 | 4 | **15** | **9** |
| 26 | Охрид | 14 | 30 | 12 | **56** | **12** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправили. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. Надзор | | |
| 27 | Пласница | 2 | | 1 | **3** | **1** |
| 28 | Струга | 8 | 29 | 14 | **51** | **17** |
| 29 | Центар Жупа | 1 | | | **1** | |
| | **Југоисточен регион** | **36** | **46** | **21** | **103** | **34** |
| 30 | Богданци | 2 | 1 | 1 | **4** | **1** |
| 31 | Босилово | 1 | 5 | 2 | **8** | **2** |
| 32 | Валандово | 6 | 1 | 2 | **9** | **4** |
| 33 | Василево | 1 | 1 | | **2** | |
| 34 | Гевгелија | 8 | 6 | 5 | **19** | **8** |
| 35 | Дојран | 2 | 3 | 2 | **7** | **4** |
| 36 | Конче | 1 | 1 | | **2** | |
| 37 | Ново Село | 1 | 2 | 1 | **4** | **1** |
| 38 | Радовиш | 6 | 10 | 4 | **20** | **6** |
| 39 | Струмица | 8 | 16 | 4 | **28** | **8** |
| | **Пелагониски регион** | **40** | **57** | **21** | **118** | **30** |
| 40 | Битола | 14 | 20 | 9 | **43** | **10** |
| 41 | Демир Хисар | 4 | 1 | 3 | **8** | **3** |
| 42 | Долнени | 2 | 3 | 1 | **6** | **2** |
| 43 | Кривогаштани | 1 | | | **1** | |
| 44 | Крушево | 4 | 2 | 1 | **7** | **3** |
| 45 | Могила | 1 | | | **1** | |
| 46 | Новаци | 2 | 1 | 1 | **4** | **1** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. Надзор | | |
| 47 | Прилеп | 8 | 28 | 5 | **41** | **8** |
| 48 | Ресен | 4 | 2 | 1 | **7** | **3** |
| | **Полошки регион** | **34** | **99** | **68** | **201** | **67** |
| 49 | Боговиње | 1 | | 1 | **2** | **1** |
| 50 | Брвеница | 2 | | 1 | **3** | **2** |
| 51 | Врапчиште | 2 | 1 | 6 | **9** | **2** |
| 52 | Гостивар | 10 | 17 | 14 | **41** | **14** |
| 53 | Желино | 1 | | | **1** | |
| 54 | Јегуновце | 2 | 4 | 3 | **9** | **4** |
| 55 | Маврово и Ростуша | 2 | 10 | 5 | **17** | **5** |
| 56 | Теарце | 2 | | 1 | **3** | **1** |
| 57 | Тетово | 12 | 67 | 37 | **116** | **38** |
| | **Североисточен регион** | **14** | **45** | **11** | **70** | **12** |
| 58 | Кратово | 1 | | | **1** | |
| 59 | Крива Паланка | 1 | 11 | 3 | **15** | **3** |
| 60 | Куманово | 8 | 30 | 6 | **44** | **7** |
| 61 | Липково | 2 | 3 | 1 | **6** | **1** |
| 62 | Ранковце | 1 | 1 | 1 | **3** | **1** |
| 63 | Старо Нагоричане | 1 | | | **1** | |
| | **Скопски регион** | **162** | **1042** | **264** | **1468** | **312** |
| 64 | Аеродром | 3 | 89 | 18 | **110** | **19** |
| 65 | Арачиново | 1 | | 1 | **2** | **1** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. Надзор | | |
| 66 | Бутел | 5 | 14 | 9 | **28** | **9** |
| 67 | Гази Баба | 9 | 34 | 7 | **50** | **7** |
| 68 | Ѓорче Петров | 2 | 16 | 8 | **26** | **8** |
| 69 | Зелениково | 2 | | 1 | **3** | **1** |
| 70 | Илинден | 2 | 22 | 6 | **30** | **6** |
| 71 | Карпош | 11 | 106 | 43 | **160** | **46** |
| 72 | Кисела Вода | 3 | 38 | 15 | **56** | **16** |
| 73 | Петровец | 2 | 8 | 1 | **11** | **1** |
| 74 | Сарај | 2 | 2 | 2 | **6** | **1** |
| 75 | Сопиште | 2 | 5 | 1 | **8** | **1** |
| 76 | Студеничани | 1 | 2 | 2 | **5** | **2** |
| 77 | Центар | 111 | 681 | 142 | **934** | **184** |
| 78 | Чаир | 3 | 7 | 6 | **16** | **7** |
| 79 | Чучер-Сандево | 1 | 9 | 1 | **11** | **2** |
| 80 | Шуто Оризари | 2 | 9 | 1 | **12** | **1** |
| ВКУПНО | | **410** | **1504** | **498** | **2412** | **590** |

Врз основа на извршеното планирање и донесените месечни планови за работа на секој инспектор, како и вршењето на вонредни инспекциски надзори по поднесени иницијативи за вршење на инспекциски надзори, налог на инспекциски совет и итн. во 2025 година извршени се:

- 410 редовни инспекциски надзори, односно планираните редовни инспекциски надзори се во целост реализирани;
- Постапувано е по 1504 иницијативи за вршење на инспекциски надзори, од кои по 1481 иницијативи се преземени инспекциски дејствија , извршени се вонредни инспекциски надзори согласно со надлежностите и овластувањата

утврдени со Закон, а останатите 123 иницијативи се препратени на надлежна инспекциска служба. (разликата во бројот на планирани и реализирани вонредни инспекциски надзори е минимална и нема големо отстапување бидејќи вонредените испекциски надзори само статистички се предвидуваат, и не може точно и прецизно да се планираат бројот на иницијативите за вршење на надзор кои во одреден временски период ќе бидат поднесени од физички и правни лица, бојот на налозите издадени од инспекцискиот совет и др.),

- 498 контролни инспекциски надзори (во овој период извршени се 242 инспекциски надзор повеќе, што се должи на вршење на контролни надзори по претходно извршени вонредни инспекциски надзори кои не се опфатени со месечните планови, како и тоа што првично за отстранување на утврдениот недостаток од страна на управните инспектори се изрекува мерка опомена, а доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената, е утврдено дека неправилностите и недостатоците се уште не се отстранети, инспекторот со решение изрекува друга инспекциска мерка, по однос на која со цел да да се утврди дели истата е извршена, повторно се врши контролен инспекциски надзор).

Следствено на наведеното произлегува заклучокот дека во текот на 2025 година во целост се реализирани планираните инспекциски надзори предвидени со Годишниот план за работа на Државниот управен инспекторат.




Преглед на извршени инспекциски надзори по вид во 2025 година

Од Табела 3.2 Преглед на вкупниот број на **откриени** неправилности и **спроведени** инспекциски надзори според вид во 2025 година, по региони и општини, погоре во извештајот може да се увиди дека инспекциските надзори се вршени во 8 плански региони на Република Северна Македонија и тоа:

1. Вардарски регион;
2. Источен регион;
3. Југозападен регион;
4. Југоисточен регион;
5. Пелагонски регион;
6. Полошки регион;
7. Североисточен регион;
8. Скопски регион.

Во Вардарскиот регион (**Велес, Градско, Демир Капија, Кавадарци, Лозово, Неготино, Росомани, Свети Николе и Чашка**) се извршени вкупно 125 инспекциски надзори и тоа:

- 36 редовни инспекциски надзори, 29 контролни инспекциски надзори и 60 вонредни инспекциски надзори.

Во Источениот регион (**Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Порбиштип и Штип**) се извршени вкупно **133** инспекциски надзори и тоа:

- 36 редовни инспекциски надзори, 30 контролни инспекциски надзори и 67 вонредни инспекциски надзори .

Во Југозападениот регион (**Вевчани, Дебар, Дебарца, Кичево, Македонски Брод, Охрид, Пласница, Струга и Центар Жупа**) извршени се вкупно **194** инспекциски надзори и тоа:

- 52 редовни инспекциски надзори, 54 контролни инспекциски надзори и 88 вонредни инспекциски надзори.

Во Југоисточениот регион **(Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица)** извршени се вкупно 103 инспекциски надзори и тоа:

- 36 редовни инспекциски надзори, 21 контролни инспекциски надзори и 46 вонредни инспекциски надзори.

Во Пелагонискиот регион (**Битола, Демир Хисар, Долнени, Кривогаштани,** Крушево, Могила, **Securing Нованци, Прилеп и Ресен**) извршени се вкупно **118** инспекциски надзори и тоа:

- 40 редовни инспекциски надзори, 21 контролни инспекциски надзори и 57 вонредни инспекциски надзори.

Во Полошкиот регион (**Боговиње, Бревеница, Гостивар, Желино, Јеугновце, Маврово и Ростуша, Теарце и Тетово**) извршени се вкупно **201** инспекциски надзори и тоа:

- 34 редовни инспекциски надзори, 68 контролни инспекциски надзори и 99 вонредни инспекциски надзори.

Во Североисточниот регион (**Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагорчане)** извршени се вкупно **70** инспекциски надзор и тоа :

- 14 редовни инспекциски надзори, 11 контролни инспекциски надзори и 45 вонредни инспекциски надзори.

Во Скопскиот регион (**Аеродром, Арачиново, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Зелениково, Илинден, Карпош, Кисела Вода, Петровец, Сарај, Сопиште, Студеничани, Центар, Чаир, Чучер Сандево и Шуто Оризари**) се извршени вкупно **1468** инспекциски надзори и тоа :

- 162 редовни инспекциски надзори, 264 контролни инспекциски надзори и 1042 вонредни инспекциски надзори .

Најголемиот број од надзорите се вонредни инспекциски надзори, односно во 2025 година 62% се вонредни инспекциски надзор, 61% од надзорите се во Скопскиот регион, односно 39% од сите надзори се во субјекти со седиште во Општина Центар.

При инспекциските надзори утврдени 590 неправилности, односно по региони тоа би било: Вардарски 35, Источен 35, Југозападен 65, Југоисточен 34, Пелагониски 30, Полошки 67, Североисточен 12 и во Скопскиот регион 312 неправилности.




Скопскиот регион најоптоварен

Во Скопскиот регион, како и во претходните извештајни периоди има најмногу извршени инспекциски надзори и тоа 1462 надзори и утврдени се 312 неправилности.




Во поглед на соодносот на извршени надзори и утврдени неправилности предничи Југозападниот регион каде при извршени 194 надзори утврдени се 65 неправилности.

Во првиот шестмесечен период при вршењето на инспекциските надзори учествуваа 33 инспектори и истите извршија 1225 надзори односно во просек секој инспектор извршил 37 инспекциски надзори, односно 6,2 надзори по месец, додека во второто шестмесечие во вршењето на инспекциските надзор учествуваа помал број на инспектори односно 31 инспектор , при што се извршија 1187 надзори односно секој инспектор во просек извршил по 38 инспекциски надзори односно 6.4 надзори по месец.

Споредбено со инспекциските надзори реализирани во претходната година посебно во делот на реализираните вонредни инспекциски надзори, кои само статистички како бројка се планираат нема големи отстапувања односно во 2025 година има незначително зголемување на бројот на поднесени иницијативи за вонредни инспекциски надзори.Во однос на контролните инспекциски надзори од споредбените податоци може да се заклучи дека во 2025 година извршени се помал број на контролни инспекциски надзори што во најголема мера се должи на постапувањето на органите по првично изречените инспекциски мерки.




## V.Обука на инспекторите и административните службеници

Вработените во Државниот управен инспекторат имаат право и обврска стручно да се усовршуваат преку следење на обуки, работилници со цел јакнење на нивното знаење и практични вештини потребни за работа, раководење, управување и организациско однесување.

Преку обуките се овозможува стекнување и унапредување на знаењата и вештините, придонесуваат за личен и професионален развој како и за

поквалитетно, поефикасно и поекономично извршување на работните цели и задачи.

Поаѓајќи од приоритетената цел –Зајакување и развој на човечките ресурси, квалитетот и процесите во Државниот управен инспекторат утврдена со Стратешкиот план реализирани се повеќе обуки, работилници и конференции во кои активно учество земаа вработени во оваа инспекциска служба и тоа:

- Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука за инспекторите во Државниот управен инспекторат за 2025 година

Преку платформата за електронско учење (LMS), тековно се релизираат генерички обуки согласно со донесениот Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука за инспекторите во Државниот управен инспекторат за 2025 година, а донесен врз основа на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2025 година на Инспекцискиот совет и тоа:

- Тема 1.5 – Канцелариско работење и архивско работење;
- Тема 1.12 – Надлежност за водење и решавање во инспекциски постапки;
- Тема 1.16 – Пријавување на кривично дело против субјект на инспекцикси надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка;

Генеричките обуки за 2025 година се реализираат преку методот на самоучење преку материјалите кои се прикачени на платформата за електронско учење кои беа достапни во текот на целиот ден, секој ден во неделата.

Инспекторите кои успешно ги поминуваат обуките се стекнуваат со сертификати за успешно спроведена обука од определената тема.

- ***Годишна програма за специјализирана обука за 2025 година***

Согласно со Годишната програма за специјализирани обуки за 2025 година во овој период реализирани се специјализирани обуки и тоа:

Област 1 -Законодавство

- Тема 1.1 – Закон за инспекциски надзор
- Тема 1.2 – Закон за општата управна постапка и
- Тема 1.3. Закон за архивски материјал

- Закон за класифицирани информации

Согласно со Годишниот план за работа со класифицирани информации за 2025 година сите вработени во инспекторатот следеа обука за Законот за класифицирани информации, организирана со физичко присуство и предавачи од редот на вработените во Дирекцијата за безбедност и класифицирани информации.

- <u>Тим билдинг</u>

Вработените во Државниот управен инспекторат како орган во состав на ново формираното Министерството за јавна администрација учествуваа на дводневна работилница за воспоставување и развој на соработка помеѓу новите колеги, како и подобрување на досегашните меѓусебни односи преку рекративни, едукативни и забавни активности.

- <u>Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер</u>

Поради тенденцијата на зголемување на бројот на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер во извештајниот период беше назначено уште едно овластено службено лице за пристап до информации од јавен карактер.

Двете овластени службени лице за пристап до информации од јавен карактер присуствуваа на обука на тема „Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер" организирана од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

- **<u>Конференции, работилници и други настани</u>**

Преставници на инспекторатот присуствуваа на презентација на последното истражување насловено како „Недоследности и етика во работењето на органите на државната управа низ перспектива на ДЗР" организирано од страна на Центарот за управување со промени (ЦУП), настан на кој присуствуваа претставници на граѓанскиот сектор и институциите на јавниот сектор (Влада, Министерство за правда, Министерство за јавна администрација и Државен управен инспекторат).

Исто така преставници на овој орган присуствуваа на конференција за одбележување на денот на јавните службеници и јавните служби во организација на Центарот за управување со промени (ЦУП) во соработка со Министерството за јавна администрација (МЈА).

Инспекторите од Државниот управен инспекторат следеа Генерички обуки „Инвестицијата во административните службеници е инвестиција во иднината на јавниот сектор" во организација на Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија при што се стекнаа со потврди за успешно

реализирани обука на следните теми : „Стратегии и иновации" ; Управување со промени: и Управување со проекти.

Во Извештајниот период вработени од Државниот управен инспекторат присуствуваа на дводневна работилница во Велес организирана од страна на Министерството за јавна администрација а во соработка со Центарот за управување на промени (ЦУП) во однос на предизвиците во новиот Закон за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници.

Координатори за РЈА од Државниот управен инспекторат присуствуваа на настан посветен на презентацијата на Извештајот за мониторинг на СИГМА за 2024 година, како и на работилница која се однесува на Ажурирање на Акцискиот план за реформа на јавната администрација 2023-2026-Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 година.

Исто така координаторите за РЈА од Државниот управен инспекторат присуствуваа на настан за промоција на унапредената ИТ алатка за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавна администрација 2023-2030 одржан на ден 18.12.2025 година, а потоа и на Работилница со контакт лицата за Стратегијата за реформа на јавна администрација одржана на ден 22.12.2025 година во Клуб на пратеници.

Двајца вработени од Инспекторатот учествуваа на дводневна обука организирана од областа на јавните набавки.

Преставници на овој орган активно учествуваа и на повеќе работилници за подготовка на Национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2026- 2030 на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Со цел унапредување на постоечки знаења и вештини како и стекнување на нови знаење особено во делот на новите закони во овој период донесени се:

- Годишна програма за специјализирана обука за инспекторите за 2026 година и
- Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука за инспекторите во Државниот управен инспекторат за 2026 година

## VI.Буџет и финансирање

Од 01.01.2025 година Државниот управен инспекторат е орган во состав на Министерството за јавна администрација без својство на правно лице и истото е опфатено како потпрограма 19 од вкупниот буџет на Министерството.

Во табеларниот приказ што следи се содржани податоци за реализација на Буџетот на Државниот управен инспекторат за 2025 година како потпрограма 19 на сметка во рамки на вкупниот Буџет на Министерство за јавна администрација за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година по ставки.

| Конто | Име на ставка | Буџет | Реализација од 01.01.2025 до 30.06.2025 | Процент на реализација (%) |
|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 28.900.000,00 | 28.588.605,00 | 98,86 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 11.203.000,00 | 11,094,722.00 | 99,03 |
| 404 | Надоместоци | 538.000,00 | 531,996.00 | 98,88 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 350.000,00 | 349,768.00 | 99,93 |
| 421 | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 1.808.000,00 | 1,806,101.00 | 99,89 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 150.000,00 | 77,476.00 | 51,65 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 450.000,00 | 361,694.00 | 80,38 |
| 425 | Договорни услуги | 1.690.000,00 | 1.628,393.00 | 96,35 |
| 426 | Други тековни расходи | 150.000,00 | 148,594.00 | 99,06 |
| 464 | Разни трансфери | 165.000,00 | 130,761.00 | 79,25 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 11.000,00 | 00,00 | 0 |
| | **Вкупно реализација од 01.01.2025 до 31.12.2025** | **45.415.000,00** | **44,699,935.00** | **98,43** |

Од прегледот може да се увидат планираните средства и процентот на нивна реализација во текот на 2025 година по ставки.

Износот на Буџетот за 2025 година за период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година е изменет од првично одобрениот износ на Буџет за 2025 година како резултат на реализираните пренамени на финансиски средства во текот на 2025 година по добиена согласност на Министерство за финансии а по претходно доставени барања со цел до крајот на 2025 година да се реализираат навремено доспеаните плаќања за 2025 година.

Од вкупно одобрените 45.415.000,00 денари со буџетот за 2025 година во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година реализирани се 44.699.935,00 денари или со процент на реализација од 98,43%.

Најголемиот процент на реализација на буџетот за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година е кај 420–Патни и дневни расходи 99,93%, што се должи на исплатата на патните расходи направени со цел реализација на основната надлежност на Државниот управен инспекторат за 2025 година. Потоа следуваат

ставките 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт од 99,89, 401-Основни плати 98,86% и 402-Придонеси за социјално осигурување 99,03%. Во извештајниот период во месец февруари изготвена е и Годишна сметка за 2024 година и истата е доставена до Државниот завод за ревизија и Министерство за финансии.

## VII.Меѓународна соработка

Во областа на меѓународната соработка треба да се истакне дека во овој период е остварена меѓународната соработка, размена на искуства и најдобри практики на регионално ниво.

Имено двајца вработени од Државниот управен инспекторат учествуваа на регионална работилница на тема „Интегритет во јавниот сектор" која се одржа во Будва Црна Гора во организација на РеСПА.

Исто така двајца вработени од Државниот управен инспекторат учествуваа на Регионална работилница на тема „Регионална заедница на пракса за интегритет во јавниот сектор", организирана од страна на РеСПА.

Во рамки на меѓународната соработка треба да се напомене и дека директорот на Државниот управен инспекторат во текот на месец септември 2025 година учествуваше на регионална конференција на тема „Поврзување на правдата и владите", одржана во Бар, Црна Гора а во организација на РеСПА.

## VIII.Други активности на инспекциската служба

Во овој период покрај инспекциските надзори реализирани се и голем број на други активности поврзани со работењето и надлежноста на инспекциската служба но од истите ги издвојуваме следните активности и тоа:

**Плански, програмски, стратешки и извештајни документи согласно со Законот за инспекциски надзор**

Со цел реализација на Годишниот план за работа на Државниот управен инспекторат за 2025 година, во овој период изготвени се 12 месечни планови за работа на секој инспектор согласно со Правилникот за формата и содржината на месечниот план за работа на секој инспектор.

Директорот на Државниот управен инспекторат, согласно со член 35 став(1) од Законот за инспекциски надзор и Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и годишниот извештај за работата на инспекциските донесе и до Министерот за јавна

администрација достави Извештај за работата на Државниот управен инспекторат за период месец јануари – месец јуни 2025 година заради разгледување и негово одобрување, по однос на кој од страна на надлежниот орган е дадено позитивно мислење.

Врз основа на индивидуалните оцени на инспекторите во инспекциската служба изготвен е Годишен извештај за оценување на учинокот на инспекторите за 2024 година и истиот е доставен до Инспекцискиот совет.

Во текот на извештајниот период во Државниот управен инспекторат се отпочна со превземање на активности за изготвување на Стратешкиот план за период 2026-2028 година.

**Активности во поглед на спроведување на одредбите од Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор**

Согласно со член 101 од Законот за административните службеници, Државниот управен инспекторат за извршените инспекциски надзори за спроведување на одредбите од Законот за административни службеници, изготви и до Владата на Република Северна Македонија преку Министерството за јавна администрација достави Годишен извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведување на одредбите од Законот за административни службеници и прописите донесени врз основа на законот во 2024 година.

До Министерството за јавна администрација доставен е Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јули-декември 2025 година;

Исто така, до Министерството за јавна администрација доставен е извештај за реализација на Годишниот план за обуки на административните службеници за периодот јули-декември 2025 година и Годишен извештај за изречени мерки за дисциплинска и материјална одговорност за 2025 година,

**Систем за интегритет**

Во насока на имплементација на системот на интегритет во Државниот управен инспекторат и во овој извештаен период се превземаа активности од страна на лицата за интегритет па така во овој период беше пополнет Прашалникот за интегритет поставен на порталот на ДКСК.

Согласно резултатите преставени во Извештајот од спроведен мониторинг за примена на системот за интегритет од февруари 2025 година подготвен од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, според нивото на исполнетост

на обврските и успешност на имплементација на системот на интегритет, Државниот управен инспекторат освои 73,8 бодови и се најде во ниво на исполнетост „добро" односно на ниво 7 од сите институции кои биле предмет на мониторинње – потписнички на политиката за интегритет.

Од страна на овластеното лице за прием на пријави за подароци, поклони и гостопримства, до Државната комисија за спречување на корупција во законски пропишаниот рок достави копија од листата од евиденцијата за подароци.

<u>Активности согласно Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 (Национална стратегија) и Акциониот план на Државната комисија за спречување на корупцијата</u>

Согласно со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 со Акциониот план за реализираната активност и Годишниот план за работа на Државниот управен инспекторат за 2025 година извршени се делумни редовни инспекциски надзори во ЕЛС-сектор/одделение за човечки ресурси во однос на кадровската екипираност и поставеност на инспекциските служби организирани како организациони единици во рамките на општините и општините во Градот Скопје, во поглед на примената на одредби од Законот за вработените од јавниот сектор, Законот за административните службеници и Законот за инспекциски надзор.

Врз основа на прибраните и обработени информации и податоците од извршените инспекциски надзори изработен е Извештај за реализирана активност за 2025 година согласно Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 и Акциониот план и истиот е доставен до Државната комисија за спречување на корупцијата хартиено и електронски преку веб порталот на ДКСК.

<u>Законот за класифицирани информации</u>

Согласно со Законот за класифицирани информации изготвен е 1 (еден) квартален извештај за реализација на Годишниот план за работа со класифицирани информации за 2024 година и 3 (три) квартални извештаи за реализација на Годишниот план за работа со класифицирани информации за 2025 година.

Во претходната година изработен е Годишен план за работа со класифицирани информации за 2026 година. Во овој извештаен период реализиран е брифинг во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на кој е информиран офицерот за безбедност на класифицирани информации за новините во законската регулатива во тековната година како и за правата и обврските кои произлегуваат согласно со Законот, а дополнително од страна на офицерот извршени се 2

брифинга со имателите на безбедносни сертификаит – управни инспектори од Инспекторатот. Дополнително спроведена е и Обука за сите вработени во Државниот управен инспекторат за Законот за класифицирани информации.

**Информации од јавен карактер**

Во овој период од страна на овластеното службено лице за посредување на информации од јавен карактер согласно со член 36 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер изготвен е Годишен извештај за спроведување на законот за периодот 01.01-31.12.2024 година.

Во текот на 2025 од страна на овластените службени лица е постапувано по 78 Барање за слободен пристап на информации од јавен карактер при што 52 барања се уважени, 1 барање делумно е уважено, 15 барања се одбиени како неосновани, по 5 барања подносителот е известен согласно член 23 од Законот дека веќе е постапувано и 5 барања се препратени на друг надлежен орган.

Во овој извештаен период поднесени се 6 жалби и по однос на истите од страна на второстепениот орган донесени се 2 решенија со кои жалбата се уважува, се поништува одлуката на првостениот орган и предметот се враќа на повторно разгледување и постапување, 3 жалбата се одбиени како неосновани а по 1жалба постапката е запрена поради повлекување на истата.

**Учество во работни групи**

Вработени во инспекторатот беа активни вклучени во процесот на изработка на предлог текст на Законот за архивски материјал и архивска дејност како дел од работната група формирана од страна на Министерството за дигитална трансформација.

Вработени од Инспекторатот беа вкучени и во работни групи за изработка на подзаконските акти од Законот за инспекциски надзор како и подзаконските акти од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници.

**Е-Инспектор**

Во овој период во континуитет продолжи да се употребува системот „Е -инспектор" од страна на сите инспектори, односно вонредените инспекциски налози се креираат во информацискиот систем, истите се распределува во работа, а во воедно и инспекциските акти кои произлегуваат од извршените вонредни надзори се генерираат преку овој систем.

Стручни колегиуми, работни состаноци и други активности

Во овој извештаен период се реализира работен состанок на кој присуствуваа сите вработени во Државниот управен инспекторат .

Заради обезбедување на поголема координација, размена на информациии и планирање во континуитет се организираа и одржуваа колегиуми и состаноци по сектори и одделенија.

Од страна на директорот и вработените во инспекторатот секојдневно се вршеше прием на странки, при што истите се информира за законските одредби што се од важност за решавањето на управната работа и за остварувањата и заштитата на нивните права и правни интереси пред надлежните органи во кои овој орган врши инспекциски надзор.

Уништување на документарниот материјал на кој му изминал рокот за негово чување

Во 2025 година завршена е постапката за уништување на документарниот материјал за кој е добиена согласнот од Државниот архив на РСМ за уништување на истиот со предавање на документарниот материјал на правно лице регистрирано за откуп и промет на отпаден материјал.

Транспаретност во работењето

Програмските и извештајните документи, месечните планови, во континуитет се објавувани на веб страницата на Државниот управен инспекторат со цел навремено информирање на јавноста за активностите и работењето на овој орган.

Соработка со други органи на управа

Во остварување на своите со Закон утврдени надзлежности Државниот управен инспекторат во изминатиот период соработуваше со повеќе институции на државно и локално ниво и тоа: Инспекцискиот совет, Државниот инспекторат за труд, Државниот архив на РСМ, Агенција за администрација, Државна комисија за спречување на корупција, Министерство за животна средина и просторно планирање и други органи.

## IX.Заклучоци и препораки

Државниот управен инспекторат кој почнувајќи од 01.01.2025 година ги извршуваше своите надлежности утврдени со Закон како орган во состав на Министерството за

јавна администрација без својство на правно лице целосно ги реализира инспекциските надзори планирани со Годишниот план за работа за 2025 година и месечните планови за работа донесени во извештајниот период, а воедно реализирани се и голем број на други активности кои произлегуваат од работењето и извршувањето на надлежностите на инспекциската служба.

Овој орган и во наредниот период што следи ќе продолжи да се стреми за остварување на главните приоритетни и развојни цели утврдени со Стратешкиот план 2026-2028 преку почитување на законите, заштита на јавниот интерес, сервисна ориентираност на граѓаните, отчетност, транспаретност и отвореност за соработка.

Исто така, во наредниот период ќе се преземаат активности за спроведување и јакнење на системот за интегритет во насока на подигање на антикорупциската свест на вработените, доближување но и доследно спроведување на Етичкиот кодекс на Државниот управен инспекторат од сите вработени, односно задолжителното почитување на законските прописи од обласа на борбата против корупцијата како и утврдените морални принципи и етички вредности ќе преставува приоритена цел и патоказ кон кој треба да се движи овој орган.

Имајќи ги во предвид новите законски прописи, над кои Државниот управен инспекторат ќе врши инспекциски надзори, пред се Законот за инспекциски надзор кој отпочна со примена од 01.01.2026 година, Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор кои ќе отпочнат со примена од 2027 година , а во постапка на изработка и носење се и подзаконските акти на новите закони , овој орган ќе има професионален , стручен и одговорен пристап во спроведувањето на законите, особено при имплементација на новите законски решенија.

Преку спроведување на инспекциски надзор, давање стручни насоки и укажувања, како и преку континуирана соработка со институциите на државно и локално ниво, Инспекторатот ќе дава значаен придонес во унапредувањето на јавната администрација односно кон создавање на пофункционална и сервисно ориентирана јавна администрација, насочена кон заштита на правата на граѓаните и подобрување на квалитетот на јавните услуги.